# Статистика на финансиските сметки – квартални состојби

Дирекција за статистика
Отсек за статистика на финансиски сметки
јули 2024 година

# Анализа на финансиските сметки – состојби на крајот на првиот квартал од 2024 година, по сектори и инструменти

# Финансиски средства и обврски на националната економија

- **Негативната нето финансиска позиција** на домашната економија **на крајот од првиот квартал од 2024 година изнесува 563 милијарди денари**, што претставува продлабочување за 14.3 милијарди денари во однос на претходниот квартал.
- Во однос на релативните показатели, **негативната нето-позиција во првиот квартал изнесува 62,8% од БДП***, што претставува подобрување за 2,5 п.п. во однос на претходниот квартал.

**Вкупни финансиски средства, обврски и нето финансиска вредност-национална економија (% од БДП)**




** Податокот за БДП е годишен, извор: Државниот завод за статистика, освен податокот за БДП за 2024 година кој е проекција на НБРСМ.*

# Финансиски средства и обврски на националната економија

- Анализирано од аспект на секторите, домаќинствата и секторот „странство" се нето-кредитори и ги финансираат останатите сектори во националната економија (НФД и државата), коишто се нето-должници. Финансискиот сектор и натаму има речиси избалансирана нето финансиска позиција.

- Динамички гледано, подобрувањето на негативната НФВ како % од БДП произлегува од подобрената позиција на нефинансиските друштва и државата, во услови на влошена нето-позиција на финансиските друштва и на домаќинствата.



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- Структурата на **средствата на националната економија** укажува на тоа дека нема значителни промени, при што секторот НФД и финансиските друштва имаат најголемо (речиси подеднакво) учество, потоа следуваат домаќинствата, како и државата којашто е со најмало учество во вкупните средства на националната економија.

- Во структурата на **вкупните обврски** по сектори, нефинансиските друштва имаат најголемо учество, по што следуваат финансиските друштва и државата. Домаќинствата имаат најмало учество во вкупните обврски на националната економија.



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- На крајот на првиот квартал од 2024 година, **вкупните средства на националната економија** изнесуваат 3.885 милијарди денари и оствариja квартален раст од 94,7 милијарди денари, или 2,5%.

- Нагорната промена е резултат на зголемените средства кај сите сектори, а најмногу кај нефинансиските друштва и домаќинствата.






# Финансиски средства и обврски на националната економија, по сектори

- На крајот на првиот квартал од 2024 година, **вкупните обврски** изнесуваат 4.448 милијарди денари и оствариja квартален раст од 108,9 милијарди денари, или 2,5%.
- Најголем придонес кон растот имаат нефинансиските друштва, по што следуваат финансиските друштва и државата. Единствено кај домаќинствата е забележано намалување на обврските.






# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- Структурата на **инструментите на страната на средствата** покажува дека нема значителни промени во последниот квартал. И натаму најголемо учество има инструментот капитал, по кој следуваат готовите пари и депозитите, останатите побарувања, кредитите и ХВ. СПВ и монетарното злато имаат најмало учество во структурата на средствата.

- Инструментите капитал и кредити се најзастапени во структурата на **вкупните обврски**, по кои следуваат готовите пари и депозитите, останатите обврски и другите инструменти. Како и на страната на средствата, во последниот квартал, не се забележуваат значителни промени во структурата.

**Финансиски средства и обврски на националната економија - по инструменти (во %)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- Анализирано по инструменти, **на страната на средствата** најголем квартален раст е забележан кај капиталот (39 милијарди денари), останатите побарувања (35 милијарди денари), кредитите (34,1 милијарда денари) и должничките ХВ (25,3 милијарди денари), додека значително намалување има кај готовите пари и депозитите (46,2 милијарди денари).

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**



# Финансиски средства и обврски на националната економија, по инструменти

- **На страната на обврските,** најголем квартален раст е забележан кај капиталот (62,2 милијарди денари), кредитите (29,7 милијарди денари), останатите обврски (25,7 милиони денари), додека намалување има кај готовите пари и депозитите (20,1 милијарда денари).






# АНАЛИЗА НА ПОДАТОЦИТЕ ЗА ФИНАНСИСКАТА СМЕТКА ПО СЕКТОРИ

# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

- **Нето финансиската вредност** на секторот НФД во првиот квартал од 2024 година е негативна и изнесува 1.070 милијарди денари, што претставува квартално продлабочување од 27,1 милијарда денари, или 2,6%.

- Анализирано низ релативните показатели, негативната нето финансиска вредност изнесува 119% од БДП, што претставува подобрување од 5 п.п. во однос на претходниот квартал, поради повисокиот БДП.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност на НФД**



# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




- **Кварталната промена** на вкупните средства е позитивна и изнесува 31,6 милијарди денари, при што најголемо учество во порастот имаат останатите побарувања (28,2 милијарди денари), капиталот (8,7 милијарди денари) и кредитите (5,7 милијарди денари), во услови на пад на готовите пари и депозитите (11,1 милијарда денари).

# Сектор на нефинансиските друштва (НФД)

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти**
**(милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти**
**(милијарди денари)**




- **Кварталната промена** на вкупните обврски е позитивна и изнесува 58,6 милијарди денари, одразувајќи го растот на капиталот (26,6 милијарди денари), останатите обврски (22,3 милијарди денари) и кредитите (9,7 милијарди денари).

# Долг на секторот на НФД

- Долгот* на НФД во првиот квартал од 2024 година изнесува 567,3 милијарди денари, што претставува зголемување во однос на претходниот квартал од 9,7 милијарди денари, главно поради растот на задолжувањето на претпријатијата од странство.

- Од секторски аспект, НФД речиси подеднакво се задолжуваат од финансискиот сектор (банките) и од странство, додека помал дел отпаѓа на меѓукомпанискиот задолжување.

**Долг на нефинансиските друштва**




**Структура на долгот на нефинансиските друштва, по сектори**




**) Во долгот на НФД и останатите сектори во анализата, влегуваат финансиските инструменти: кредити и должнички хартии од вредност*

# Сектор на домаќинствата

- **Позитивната нето-позиција на домаќинствата** на крајот на првиот квартал од 2024 година изнесува 752,7 милијарди денари, или 84% од БДП. На квартална основа е остварен раст од 34,1 милијарда денари, или 4,7%. Подобрата позитивна нето-позиција произлегува од зголемените финансиски средства за 30,1 милијарда денари, во услови на намалени обврски за 4 милијарди денари.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност на домаќинствата**



# Сектор на домаќинствата







- Вкупните средства на домаќинствата во првиот квартал се зголемени за 30,1 милијарда денари или 3%, **на квартална основа**. Гледано по инструменти, растот пред сè се должи на зголемувањето кај капиталот (17,2 милијарди денари), по што следуваат готовите пари и депозитите (5,3 милијарди денари), побарувањата врз основа на осигурувањето (4,1 милијарда денари) и останатите побарувања (3,2 милијарди денари).

# Сектор на домаќинствата







- На страната на обврските, **во првиот квартал од 2024** година е остварено квартално намалување од 4 милијарди денари, или 1,5%. Ова е резултат на намалените кредити (2,7 милијарди денари) и останатите обврски (1,3 милијарди денари).

# Долг на секторот „домаќинства“

- **Долгот на домаќинствата,** на крајот од првиот квартал 2024 година изнесува 248,9 милијарди денари, или 27,8% од БДП, што претставува намалување во однос на претходниот квартал од 2,7 милијарди денари.

- Од секторски аспект, задолжувањето на домаќинствата во најголем дел е врз основа на кредитите од банките коишто во структурата на долгот учествуваат со 94%, а помал дел отпаѓаат на задолжувањето од странство и од секторот ОФИ.

**Долг на домаќинствата**




**Структура на долгот на домаќинствата, по сектори**



# Сектор „држава“

- **Негативната нето финансиска вредност на државата** во првиот квартал од 2024 година изнесува 219,4 милијарди денари и забележа мало квартално влошување од 1 милијарда денари или 0,5%.

- Анализирано по потсектори, негативната позиција во најголем дел е резултат на потсекторот „централна власт“, којшто има негативна НФВ од 25,6% од БДП. Локалната самоуправа и социјалните фондови имаат позитивна нето финансиска позиција од 0,7% и 0,4% од БДП, соодветно.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност**



# Сектор „држава“

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




- Во првото тримесечје од 2024 година, вкупните средства на државата забележаа **квартално** зголемување од 15,7 милијарди денари, или 4,6%. Ова во најголем дел е резултат на растот на капиталот за 6,4 милијарди денари, зголемените депозити за 5,5 милијарди денари и растот на останатите побарувања за 3,6 милијарди денари.

# Сектор „држава“







- На страната на обврските е забележано **квартално** зголемување од 16,7 милијарди денари, или 3%. Зголемувањето во најголем дел е резултат на растот на обврските врз основа кредитите за 9 милијарди денари и порастот на обврските врз основа на должничките хартии од вредност за 6,9 милијарди денари.

# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

- **Нето финансиската вредност** на финансиските друштва во првиот квартал од 2024 година е негативна и изнесува 26,8 милијарди денари, што претставува влошување за 20,3 милијарди денари во однос на претходниот квартал. Нето финансиската вредност е 3% од БДП, што е квартално влошување за 2.2 п.п.
- Анализирано по потсектори, влошената нето финансиска позиција на финансиските друштва е резултат на зголемувањето на негативната нето финансиската позиција на банките, во услови на мало подобрување на НФВ на секторот ОФИ.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност (% од БДП)**



# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

**Квартална промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните средства, по инструменти (милијарди денари)**




- **На квартално ниво**, вкупните средства на финансиските друштва бележат раст од 17,4 милијарди денари, со најголем придонес на кредитите (27,5 милијарди денари) и должничките хартии од вредност (26,1 милијарда денари), при значителен пад на готовите пари и депозитите (45,8 милијарди денари).

# Сектор „финансиски друштва“ (ФД)

**Квартална промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




**Годишна промена на вкупните обврски, по инструменти (милијарди денари)**




- Вкупните обврски бележат **квартален раст** од 37,7 милијарди денари, главно како резултат на зголемените обврски врз основа на капитал (35,7 милијарди денари) и кредити (13,7 милијарди денари), при намалени обврски врз основа на готовите пари и депозитите (20,1 милијарда денари).

# Сектор „странство“

- На крајот на првиот квартал, **нето-позицијата на секторот „странство“** е позитивна и изнесува 563 милијарди денари, што претставува раст од 14,3 милијарди денари во однос на претходниот квартал. Промената на позитивната нето-позиција на секторот „странство“ произлегува од поголемиот раст на финансиските средства, во однос на финансиските обврски.

- Во однос на релативните показатели, позитивната нето-позиција изнесува 62,8% од БДП, што претставува намалување од 2,5 п.п. во однос на претходниот квартал.

**Финансиски средства и обврски, % од БДП**




**Нето финансиска вредност на секторот странство**



# Сектор „странство“

Квартална промена на вкупните средства, по инструменти
(милијарди денари)




Годишна промена на вкупните средства, по инструменти
(милијарди денари)




- Во првиот квартал од 2024 година е остварен квартален раст на **вкупните финансиски средства на секторот странство** од 47,7 милијарди денари, односно 4,5%. Гледано по инструменти, квартално зголемување е забележано кај капиталот (27,4 милијарди денари), кај кредитите (21,8 милијарди денари) и останатите побарувања (12,8 милијарди денари), наспроти намалувањето кај готовите пари и депозитите (7,7 милијарди денари) и кај должничките хартии од вредност (6,8 милијарди денари).

# Сектор „странство“







➢На страната на **финансиските обврски** е остварен квартален раст од 33,4 милијарди денари, односно 6,4%, како резултат на зголемувањето на обврските врз основа на кредитите од 26,2 милијарди денари, на останатите обврски во износ од 22,1 милијарда денари и обврските врз основа на должничките хартии од вредност во износ од 11,9 милијарди денари, при значително намалување на готовите пари и депозитите во износ од 33,8 милијарди денари.